АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.02.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 609 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово.

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 јануари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 февруари 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 30.11.2017 година, за непочитување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-452, 30.11.2017 година) на* телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово.

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (4.12.2017 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 24 јануари 2018 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението**, односно не ја отстранил извршената повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 24 јануари 2018 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 30 ноември 2017 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имајќи предвид дека мерката опомена е изречена во 2017 година, а следната мерка, барање за поведување прекршочна постапка се поднесува за вршење на истата повреда за која е опоменет радиодифузерот во текот на годината:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***